НОТАР [redacted]

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ, во совет составен од судиите: [redacted]ва, претседател на советот, [redacted] и [redacted], членови на советот, во правната работана тужителот [redacted] од Скопје против тужената Нотар [redacted]а од Скопје, за надомест на материјална штета, вредност на спорот 5.107,00 денари, одлучувајќи по жалбата на тужителот, изјавена преку полномошник [redacted]и, адвокат од Скопје, против пресудата на Основен суд Скопје II Скопје МАЛВП-463/17 од 03.11.2017 година, на нејавната седница одржана на 21.06.2018 година, ја донесе следната

# П Р Е С У Д А

ЖАЛБАТА на тужителот, изјавена преку полномошник [redacted], адвокат од Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

ПРЕСУДАТА на Основен суд Скопје II Скопје МАЛВП-463/17 од 03.11.2017 година, СЕ ПОТВРДУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со обжалената пресуда го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот да се задолжил тужената на име надомест на материјална штета да му плати износ од 5.107,00 денари, со законска казнена камата согласно Законот за облигациони односи сметано од 29.12.2014 година до целосната исплата, како и да се задолжи тужената да му ги надомести на тужителот трошоците во постапката. Одлучено е секоја странка да ги сноси своите трооци во постапката.

Незадоволен од пресудата останал тужителот, кој преку неговиот полномошник, поднел жалба поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се усвои, а побиваната пресуда да се преиначи согласно жалбените наводи.

Одговор на жалба не е поднесен.

Апелациониот суд Скопје, ја испита побиваната пресуда врз основа на списите во предметот и наводите во жалбата, па најде:

Жалбата е неоснована.

Неосновани се жалбените наводи за сторена суштествена повреда на одребите на парничната постапка од чл.343 ст.2 т.14 од Законот за парнична постапка, од причина што обжалената пресуда е јасна и разбирлива, содржи доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел првостепениот суд при одлучувањето, поради што може со сигурност да се испита.

Жалбените наводи кои се однесуваат за погрешно утврдена фактичка состојба не беа предмет за разгледување на овој суд од причина што се работи за спор од мала вредност, а согласно чл.438 од ЗПП (СЛ.весник на РМ бр.79/05, 110/08, 83/09 и 116/10) кој бил во примена кога е започната постапката со тужба на 27.05.2015 гадна, во споровите од мала вредност не е дозволена жалба по овој основ, бидејќи постапката е започната според одредбите од погоре цитираниот закон.

Во жалбата на тужителот се наведува дека судот погрешно утврдил дека нотарот не сторил повреда на одредбите од чл.137 в.в со чл.128 ст.4 и 5 од ЗПП, бидејќи судот при одлучувањето немал во предвид дека тужителот не живеел на посочената адреса во предлогот на Бул.Јане Сандански бр.113а/19 во Скопје, на која била вршана доставата, туку на ул.М.Х.Јасмин бр.36/3-16 Скопје, кое нешто било видно и од ИЛ.бр.48698 за КО Кисела Вода 2, во кој стои дека тужителот е сопственик на стан на Бул.Јане Сандански бр.113а/19 во Скопје, а како адреса на живеење е наведена ул.М.Х.Јасмин бр.36/3-16 Скопје. Понатаму во жалбата се наведува дека тужителот во периодот за кој се однесувал долгот бил малолетен и живеел со неговите родители на адресата наведена во предлогот, но со оглед да на тужителот му била издадена лична карта на ден 28.06.2013 година, нотарот бил должен доставата која била вршена на 19.03.2014 година и 21.02.2014 година, да ја изврши според адресата на живеење на тужителот наведена во неговата лична карта, а не на адресата наведената во предлогот.

Неоснованоста на ваквите жалбени наводи произлегува оттаму што првостепениот суд од изведените докази утврдил дека на ден 27.02.2014 година нотарот [redacted] од Скопје, согласно чл. 16-г ст.1 од Законот за извршување (Сл.весник на РМ бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 03/09, 50/10 , 83/10, 88/10, 171/10 и 148/10), донел Решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа УПДР бр.1740/2014, со кое решение го дозвоил предложеното извршување врз основа на веродостојна исправа и истото заедно со предлогот за донесување на решение со докази, го доставил до должникот сега тужителот, согласно чл.125 и чл.137 ст.3 од ЗПП (Сл.весник на РМ бр.79/2005 и 116/2010). Имено, видно од извештајот за достава е дека по донесување на решението, нотарот направил два пати обид истото да го достави до должникот преку доставна служба ДелЦо со назначување на адресата наведена во предлогот за донесување на решението - Бул.Јане Сандански бр.113а/19 во Скопје, но од страна на доставната служба поради неможност да се најде должникот доставата била враќања како неуспешна и тоа еднаш на 19.03.2014 година и втор пат на 21.03.2014 година кога на сега тужителот му било оставено и известување со кое бил повикан во рок од 8 дена да дојде во просториите на ДелЦо заради преземање на писменото. По оставеното известување, заклучно со 31.03.2014 година, писменото не било подигнато од страна на тужителот, па истото било вратено на испраќачот. Нотарот на ден 10.04.2014 година, по барање на доверителот, а согласно чл.16-ѓ од ЗИ, ставил клаузули на правосилност и извршност на решението за извршување врз основа на веродостојна исправа, врз основа на кое доверителот повел извршна постапка кај извршите[redacted] заради присилна наплата на долгот под И.бр.1876/14, во која постапка на тужителот покрај долгот му биле наплатени и извршни трошоци. Оттука произлегува дека правилно утврдил судот дека нотарот доставата на погоре наведеното решение, заедно со предлогот за донесување на истото, ја извршил согласно одредбите од чл.125 и чл.137 ст.3 од ЗПП.

Што се однесува до жалбениот навод дека нотарот доставата на писмената требало да ја изврши според адресата на живеење наведена во личната карта на тужителот која била издадена на ден 28.06.2013 година, според овој суд е неоснован. Ова од причина што по оцена на овој суд, а како што утврдил и првостепениот суд побарувањето на доверителот се однесува за период од 22.02.2013 година до 20.05.2013 година, а личната карта е издадена после тој период. Од друга страна пак видно од ИЛ.бр.48698 за КО Кисела Вода 2 е дека тужителот се води како сопственик на станот на бул.Јане Сандански бр.113а/19 во Скопје, како и дека истиот во евиденцијата на доверителот Снабдување со топлина Балкан енерџи ДООЕЛ се води на таа адреса и имал уредни плаќање према доверителот.

Поради сето погоре наведено, по оцена на овој суд, правилно утврдил првостепениот суд дека во конкретниот случај нема вина на страна на тужениот за побараната штета, односно нема дејствија на тужениот поради кои настапила штетата за која тужителот бара надомест, а со тоа не се исполнети законските претпоставки за да настане одговорност, односно облигационо - правен однос од причинување на штета во смисла на чл.141 и чл.142 од ЗОО, особено при постоење на извршна исправа која станала правосилна и извршна, која не била ставена вон сила, а врз основа на која доверителот ја спровел извршната постапка во која на тужителот му биле наплатени покрај долгот и извршните трошоци, поради што првсотепениот суд правилно го применил материјалното право кога одлучил како во изреката на обжалената пресуда.

Предмет на оцена на овој суд беа и останатите жалбени наводи, но за истите најде дека се неосновани и без влијание за поинакво одлучување во предметниот спор.

Врз основа на сето погоре наведено, следуваше да се одлучи како во изреката на пресудата, согласно чл.357 од ЗПП.

Апелационен суд Скопје ГЖ-839/18 од 21.06.2018 година.

Претседател на совет-судија
[redacted].